Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

период јули-септември 2026 година

Скопје, октомври 2026 година

111

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

1


поведена постапка на КСЗД за заштита од дискриминација по службена должност

18

случаи на утврдена дискриминација во периодот од јули до септември 2026 година

Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род


ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во третиот квартал на 2026 година, до КСЗД се доставени 111 претставки (105 поднесени од физички лица и 6 од правни лица).

Во извештајниот период КСЗД поведе и една постапка по службена должност.


Бројот на нови предмети е зголемен за 24% во споредба со истиот период минатата година.



Од подносителите физички лица, 18 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 51 (59%) биле жени и 36 (41%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 56 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 31 биле Македонци, 8 Албанци, 2 Турци, 2 Ром, 2 Бошњаци, 1 Србин и 3 подносители од друга припадност (бугарска, еврејска и египќанска).



Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (19 претставки) и 51-60 години (18 претставки).

Податок за нивната возраст не доставиле 40 подносители на претставки.

МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ



57 претставки поднеле граѓани и правни лица со адреса/седиште во општините од Скопскиот плански регион. Бројот на претставки од општините во останатите региони е следниот:

- 15 од Пелагонискиот плански регион
- 8 од Источниот плански регион
- 8 од Југозападниот плански регион
- 7 од Југоисточниот плански регион
- 5 од Североисточниот плански регион
- 4 од Вардарскиот плански регион
- 1 од Полошкиот плански регион

Во однос на општините на живеење/престојување, 54 подносители се од општините на Град Скопје, потоа следат општините Битола, Охрид и Прилеп со по шест претставки, пет од Куманово, по три претставки од Гевгелија и Штип, итн. Шестмина подносители не доставија адресен податок.

ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ НА 2026




Во третото тримесечје на 2026 година, КСЗД донесе вкупно 116 одлуки по предмети за заштита од дискриминација.

Донесени се 52 мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, а 64 одлуки се за отфрлање на претставката, односно за неповедување или запирање на постапката.

Од донесените 52 мислења, во 18 случаи КСЗД утврди дискриминација, а во 34 случаи не се утврди дискриминација.

УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Видови на утврдена дискриминација



Директната дискриминација е најчест утврден вид во третиот квартал на 2025 година со вкупно 13 случаи, од кои три како дискриминација во потежок облик, и тоа два случаи на директна интерсекциска дискриминација и еден случај на директна продолжена дискриминација.

Утврдени се и пет случаи на индиректна дискриминација, два случаи на вознемирување и еден случај на сексуално вознемирување, проследено со поттикнување на сексуално вознемирување и поттикнување на вознемирување по перцепција

Основи на утврдена дискриминација



Националната или етничката припадност е најчесто утврдената основа на дискриминација во третиот квартал на 2026 година, со вкупно 6 случаи.

Потоа следат случаите на дискриминација врз основите потекло, попреченост, лично својство и општествен статус, пол и политичко уверување. Дискриминација е утврдена и врз основите раса, боја на кожа, род, образование, друго уверување, семејна или брачна состојба, здравствена состојба, бременост и мајчинство, како и виктимизација.

Во седум случаи се утврди дека дискриминацијата е сторена врз две и повеќе основи.

Области на утврдена дискриминација



Најмногу случаи на дискриминација утврдени во третиот квартал на 2026 година се во областа на работата и работните односи.

КСЗД утврди дискриминација и во областите јавно информирање и медиуми, пристап до добра и услуги, социјална сигурност и заштита и образование.

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД утврди индиректна дискриминација на државјани родени надвор од Северна Македонија

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди индиректна дискриминација на државјани на Република Северна Македонија кои се родени во странство, поради неможноста да користат одредени електронски услуги на националниот портал uslugi.gov.mk.

Иако се државјани на државата и поседуваат лична карта и единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), овие лица се соочуваат со ограничен пристап до електронските услуги, меѓу кои и поднесувањето барање за квалификуван електронски сертификат и за е-лична карта. Причината е што нивниот матичен број не бил издаден при раѓањето, бидејќи се родени надвор од државата.

Комисијата му препорача на Министерството за дигитална трансформација, како надлежен орган, во рок од 30 дена да преземе соодветни мерки за да им овозможи на овие граѓани непречен пристап и целосно користење на електронските услуги достапни на порталот uslugi.gov.mk.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

КСЗД утврди директна дискриминација врз основа на етничка припадност и пол при вработување

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна дискриминација врз основа на етничка припадност и пол во постапка за вработување.

Подносителот на претставката навел дека ги исполнувал условите од јавниот оглас и успешно ја поминал постапката на селекција, но бил одбиен без конкретно образложение. Во меѓувреме, на три идентични работни места биле избрани три кандидатки од иста етничка припадност. Дополнително, во организациската единица сите вработени биле од истата етничка припадност и од ист пол.

Комисијата му препорача на сторителот на дискриминацијата да ја поништи постапката за вработување и да спроведе нова, врз основа на начелата на еднаков третман, недискриминација, стручност, компетентност и транспарентност, со јасни и проверливи критериуми за оценување. Притоа, потребно е да се почитуваат и обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите и Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.



ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368

+ 389 23 216 892

contact@kszd.com

www.kszd.mk